**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 28 февруари 2019 година

## Соопштение за печат

## Позначајни движења во платниот биланс[1] во четвртиот квартал од 2018 година

Во четвртиот квартал од 2018 година е остварен дефицит од 107,1 милион евра во тековните трансакции со нерезидентите. Во истиот период, кај финансиските трансакции со нерезиденти се остварени позначајни нето-приливи од директни инвестиции (313,8 милиони евра), а во помал обем и преку трговски кредити (19,7 милиони евра). Приливите врз овие основи овозможија финансирање на дефицитот на тековната сметка и на нето-одливите кај другите компоненти на финансиската сметка и придонесоа за дополнителен раст на девизните резерви (зголемување за 141,1 милион евра).

### Основни компоненти на платниот биланс на Република Северна Македонија
(во милиони евра)

| | тековна година | | | | | претходна година | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.4 2018 | **Кв.1-Кв.4 2018** | Кв.4 2017 | **Кв.1-Кв.4 2017** | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-144.5** | **23.9** | **195.8** | **-107.1** | **-31.9** | **-66.1** | **-102.9** | **-302.9** | ...* | **-41.1** | 62.1 | **71.0** | -69.0 |
| Стоки | **-463.0** | **-406.6** | **-395.6** | **-471.4** | **-1,736.6** | **-503.4** | **-1,787.9** | **-75.8** | 19.1 | **32.0** | -6.4 | **51.3** | -2.9 |
| Услуги | **102.8** | **116.8** | **185.9** | **-47.8** | **357.8** | **53.6** | **377.0** | **-233.7** | ...* | **-101.4** | ...* | **-19.2** | -5.1 |
| Примарен доход | **-113.5** | **-111.2** | **-117.5** | **-108.2** | **-450.5** | **-96.1** | **-397.5** | **9.3** | -7.9 | **-12.2** | 12.7 | **-52.9** | 13.3 |
| Секундарен доход | **329.2** | **424.8** | **523.1** | **520.2** | **1,797.3** | **479.8** | **1,705.5** | **-2.8** | -0.5 | **40.5** | 8.4 | **91.8** | 5.4 |
| **Капитална сметка** | **0.3** | **0.2** | **0.0** | **6.3** | **6.9** | **5.9** | **18.0** | **6.4** | | **0.4** | | **-11.2** | |
| **Финансиска сметка** | **-159.8** | **37.3** | **200.4** | **-85.3** | **-7.5** | **-65.1** | **-94.5** | **-285.7** | | **-20.2** | | **87.0** | |
| Директни инвестиции | **-235.4** | **-74.1** | **1.5** | **-313.8** | **-621.9** | **-168.8** | **-180.0** | **-315.4** | | **-145.1** | | **-441.9** | |
| Портфолио инвестиции | **-368.6** | **1.5** | **35.0** | **11.9** | **-320.3** | **-8.0** | **18.5** | **-23.1** | | **19.8** | | **-338.8** | |
| Валути и депозити | **80.2** | **72.8** | **72.9** | **60.1** | **286.0** | **36.4** | **248.5** | **-12.8** | | **23.7** | | **37.5** | |
| Заеми | **47.5** | **-57.1** | **-36.2** | **35.1** | **-10.8** | **-12.5** | **36.8** | **71.3** | | **47.5** | | **-47.6** | |
| Трговски кредити | **59.9** | **33.9** | **35.8** | **-19.7** | **109.9** | **5.0** | **-72.2** | **-55.5** | | **-24.7** | | **182.1** | |
| Девизни резерви | **256.6** | **60.9** | **91.6** | **141.1** | **550.3** | **82.4** | **-146.0** | **49.6** | | **58.7** | | **696.2** | |

* процентуалната промена е над 100.

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Од податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.

Извор: НБРСМ.

## *Тековна сметка*

Од аспект на движењата остварени кај одделните компоненти на тековната сметка, во четвртиот квартал од 2018 година, дефицитите остварени во стоковната размена (471,4 милиони евра), примарниот доход (108,2 милиона евра) и размената на услуги (47,8

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Северна Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

милиони евра) го надминаа суфицитот остварен кај секундарниот доход (520,2 милиона евра).

Наспроти остварениот суфицит во тековната сметка во третиот квартал од годинава (195,8 милиони евра), кој е вообичаен за овој квартал, во четвртиот квартал е забележан дефицит од 107,1 милион евра, што укажува на квартално зголемување на нето-одливите во тековната сметка од 302,9 милиони евра. Ваквите промени главно се објаснуваат со пониските нето-приливи од размената на услуги (за 233,7 милиони евра) и повисоките нето-одливи кај размената на стоки (за 75,8 милиони евра).

Во 2018 година дефицитот во тековната сметка изнесува 31,9 милиони евра, што е за е 71 милион евра помал дефицит во однос на 2017 година. Намалувањето на дефицитот, пред сè се должи на поволните остварувања кај секундарниот доход (зголемени нето-приливи за 91,8 милиони евра), но и кај размената на стоки (стеснување на салдото на стоките за 51,3 милиони евра), наспроти промените кај примарниот доход, каде што е остварен повисок дефицит во однос на претходната година (за 52,9 милиони евра) и кај размената на услуги којашто оствари понизок суфицит во однос на претходната година (за 19,2 милиона евра).







Извор: НБРСМ.

## ***Финансиска сметка***

Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во четвртиот квартал од 2018 година се остварени нето-приливи од 85,3 милиони евра. Нето-приливите во најголем дел се од директни инвестиции (313,8 милиони евра), а во помал обем и од трговски кредити (19,7 милиони евра), додека нето-одливи се евидентирани кај валутите и депозитите (60,1

милион евра), заемите (35,1 милион евра) и портфолио-инвестициите (11,9 милиони евра). Девизните резерви се зголемени за 141,1 милион евра.

Во четвртиот квартал од 2018 година, кај директните инвестиции на нето-основа се остварени нето-приливи во вкупен износ од 313,8 милиони евра, распределени кај сите компоненти на директните инвестиции, и тоа кај меѓукомпанискиот долг (127,8 милиони евра), сопственичкиот капитал (126,9 милиони евра) и реинвестирањето на добивката (59,1 милион евра). Во 2018 година, врз основа на директни инвестиции се остварени нето-приливи во износ од 621,9 милиони евра, што е зголемување за 441,9 милиони евра во однос на 2017 година. На годишна основа, повисоки нето-приливи се евидентирани кај сите компоненти на директните инвестиции: меѓукомпанискиот долг (за 240,4 милиони евра), сопственичкиот капитал (за 119,7 милиони евра) и реинвестирањето на добивката (за 81,8 милиони евра).

Обврските врз основа на директни инвестиции[2], во четвртиот квартал од 2018 година се зголемени за 85,2 милиона евра, при раст на сопственичкиот капитал (125,2 милиона евра) и реинвестирање на добивката (62,6 милиони евра), делумно неутрализирани со нето-одливите кај меѓукомпанискиот долг (102,6 милиони евра). Збирно во 2018 година, обврските кон директните инвеститори се зголемени за 560,2 милиона евра, што е повеќе за 208,9 милиони евра (или 59,5%) во однос на 2017 година.

Во четвртиот квартал, средствата врз основа на директни инвестиции се намалени за 228,6 милиони евра, главно како резултат на намалените побарувања врз основа на должнички инструменти. Збирно во 2018 година, средствата се намалени за 61,7 милиони евра, наспроти остварениот раст (од 171,3 милиони евра) во 2017 година. Годишната промена од 233 милиони евра, во најголем дел произлегува од намалените побарувања по должнички инструменти.

Во последниот квартал од 2018 година, кај заемите се остварени нето-одливи од 35,1 милион евра како резултат на нето-одливите кај секторот „депозитни институции‟ (27,8 милиони евра) и останатите сектори[3] (12,8 милиони евра), додека кај секторот „држава‟ се остварени нето-приливи (4,2 милиона евра). Збирно во 2018 година, нето-приливите врз основа на заеми изнесуваат 10,8 милиони евра, со позначајни нето-приливи кај останатите сектори (132,7 милиони евра), наспроти нето-одливите на секторите „држава‟ и „депозитни институции‟ (99,5 и 22,5 милиони евра, соодветно).

Во 2018 година, остварените нето-приливи од директни инвестиции (621,9 милиони евра), портфолио-инвестиции (320,3 милиони евра)[4] и заеми (за 10,8 милиони евра) ги надминаа

---

[2] Се прикажуваат директните инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

[4] Нето-приливите кај портфолио-инвестициите во најголем дел се должат на издавањето еврообврзници од страна на државата во првиот квартал од 2018 година.

нето-одливите на средства по валути и депозити (286 милион евра) и трговски кредити (109,9 милиони евра), овозможувајќи финансирање на дефицитот на тековната сметка (31,9 милиони евра) и раст на девизните резерви за 550,3 милиони евра.







Извор: НБРСМ.

***Ревизии на податоци***

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – септември 2018 година заради подобрување на нивниот квалитет. Притоа, во тековната сметка ревизијата на податоците придонесе за намалување на суфицитот за 16 милиони евра, главно како резултат на зголемувањето на дефицитот кај примарниот доход (за 16,2 милиони евра).

Кај финансиската сметка ревизијата на податоците се однесува на намалување на нето-одливите врз основа на трговски кредити за 20,7 милиони евра, како и намалување на нето-приливите врз основа на директни инвестиции и заеми за 2,5 и 1,8 милиони евра, соодветно.

Ревизијата на податоците доведе до речиси незначително намалување на грешките и пропустите за периодот јануари – септември 2018 година (за 0,4 милиони евра).

***Придружни информации***

Временски серии податоци:годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 31 мај 2019 (референтен период, заклучно со март 2019 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).